**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Климент Охридски “Битола**
**Економски факултет -Прилеп**

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ СПОРЕД

ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА од 2018 година

**Прилеп, 2019 год.**

**СОДРЖИНА**

**I Услови и начин на пријавување на магистерскиот труд**

**II Постапка за оценка на пријава и определување ментор**

**III Подготовка на магистерскиот труд**

**IV Постапка за оценка и одбрана на магистерскиот труд**

**V Одбрана на магистерскиот труд**

**VI Технички правила за подготовка на магистерскиот труд**

**VII Дисциплинска одговорност за плагијаторство**

**VII Преодни и завршни одредби**

**Анекс 1- Образец за пријавување магистерски труд**

**Анекс 2- Извештај од Комисијата за оценка на пријава за изработка на магистерски труд**

**Анекс 3- Насловна страница на магистерскиот труд**

**Анекс 4 – Барање за определување Комисија за оценка на магистерски труд**

**Анекс 5 – Изјава од менторот за изработен магистерски труд**

**Анекс 6 – Изјава од кандидатот за автентичноста на магистерскиот труд**

**Анекс 7 – Извештај од Комисијата за оценка на магистерскиот труд**

Врз основа на член 11 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, а во врска со членовите од 59-68 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола од 2018 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет- Прилеп, на седницата одржана на xx 09.2019 година го донесе следново:

# УПАТСТВО

**за изработка на магистерски труд на втор циклус студии според**
ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА од 2018 година

## I Услови и начин за пријавување магистерски труд

- Пријава за изработка на магистерски труд можат да поднесат само студенти кои положиле најмалку две третини од вкупниот број предмети и стекнувањето со најмалку 50% од вкупниот број кредити.
- Студентот избира тема за магистерски труд во консултација со професор од соодветната област;
- Пријавувањето на магистерскиот труд се врши на посебен образец (види Анекс 1 од ова Упатство);
- Кандидатите се должни пријавата за изработка на магистерски труд, по одобрувањето од страна на референтот за втор циклус студии, да ја достават во електронска и хартиена форма, во три примерока, во архивата на Факултетот, и тоа еден за студентското досие на кандидатот, еден примерок останува во архива, а еден за секретарот на вториот циклус студии;
- Пријавата, којашто се поднесува до Советот на втор циклус студии, треба да содржи: биографски податоци, наслов на темата, предлог за ментор, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа, методологија на истражувањето, преглед на појдовна литература што ќе се користи и слично.
- Во пријавата секој кандидат е должен да достави е-маил адреса што ја употребува, на којашто адреса ќе добива информации од надлежниот референт за фазата во којашто се наоѓа неговата постапка и за секоја релевантна одлука што се однесува на изработката на магистерскиоттруд.

## II Постапка за оценка на пријавата за изработка на магистерски труд (ново)

- Пријавата ја оценува Комисија за оценка на пријавата составена од 3 (три) члена, од кои најмалку двајца се од соодветната научна област, која ја формира Советот на втор циклус студии. Прв член на Комисијата е предложениот ментор. Комисијата се определува на седница Советот на втор циклус на студии.
- Комисијата е должна најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од формирањето да достави

Извештај за оценка на пријавата до Советот на втор циклус на студии.. Извештајот се смета за позитивен, ако најмалку два члена на комисијата дале позитивна оценка на пријавата. Одлуката се објавува во Билтенот на Универзитетот. Доколку Комисијата не достави Извештај во предвидениот рок, Советот на втор циклус студии, најдоцна 15 (петнаесет) дена по истекот на рокот, формира нова Комисија за оценка на пријавата во променет состав

- Наставно-научниот совет на Факултетот донесува одлука за прифаќање на извештајот за оценка на пријавата од Комисијата;

## III Подготовка на магистерскиот труд

- Магистерскиот, односно специјалистичкиот труд е самостоен труд во којшто кандидатот ја изработува одбраната тема со примена на научни и стручни методи, докажува дека ја совладал наставната програма и се стекнал со научни и стручни компетенции, во согласност со целите на студиската програма;
- Магистерскиот труд треба да содржи од 25000 до 30000 зборови, не вклучувајќи ја насловната страница, страниците каде што е наведена содржината на трудот, страниците каде што е наведена користената литература и фуснотите, како и анексите илиприлозите;
- Насловот на магистерскиот труд не треба да содржи кратенки, загради или наводници (за наславната страница на магистерскиот труд види Анекс 3 од ова Упатство);
- Трудот треба да биде изработен во компјутерска техника, во фонт Times New Roman со македонска јазична поддршка, со големина на букви 12 во основен текст и проред 1,5 за основен текст и големина на буквите 10 со проред 1 за текст во фусноти;
- Структурално магистерскиот труд треба да содржи:
  - ✓ воведен дел (општествена оправданост на темата, методологијата што ќе се користи, појдовнихипотези),
  - ✓ поимно определување, односно основни карактеристики на проблемот или појавата што се разработува, т.е. анализира низ теоретска елаборација,
  - ✓ компаративен преглед на решенија во другите држави поврзани со предметот на анализа во магистерскиот труд,
  - ✓ анализа на состојбата во Република Северна Македонија – теоретски осврт,

- ✓ емпириско истражување спроведено во институции, организации, државни органи и органи на локалната самоуправа, банки, стопански комори, берзи и други релевантни институции во Република Северна Македонија, во зависност од областа што е предмет наинтерес,
- ✓ заклучоци до коишто, дошол кандидатот во текот на подготовката на магистерскиот труд и препораки за практичната примена, поголеми ефекти, крајни резултати исл.
- ✓ ако темата на магистерскиот труд е фокусирана на анализа на случај или конкретно истражување во реален деловен субјект/институт/институција, тогаш содржината на магистерскиот труд би требало да содржи воведни напомени, опис на фактите на случајот што ќе се анализира и причините зошто е тој избран за анализа, односно карактеристиките на институтот што наведуваат на потреба да се согледа неговата имплементација, презентација на анализата односно истражувањето, заклучоците што произлегуваат од извршената анализа, односно истражувањето и предлози заизмени.

- Резултатите на магистерскиот труд треба да претставуваат придонес во:
  - систематизацијата на научни или стручни решенија во определена област;
  - решавањето на актуелната научна/стручна задача што е поставена како цел на трудот;
  - примената на постојните научни/стручни достигнувања при решавањето комплексна задача.

## IV Постапка за оценка и одбрана на магистерскиот труд

- Студентот се стекнува со право за поднесување барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд (види Анекс 4 од ова Упатство), до Советот за втор циклус на студии, по завршувањето на сите предвидените испити; Заедно со барањето студентот поднесува и писмено известување од менторот дека магистерскиот труд е изработен и дека кандидатот може да поднесе барање за формирање Комисија за оценка на истиот
- Барањето се поднесува до надлежниот референт во службата за студентски прашања, што го проследува до Комисијата за проверка на студентското досие;
- Комисијата ја сочинуваат: продеканот за настава, секретарот на Советот на втор циклус студии, надлежниот референт за студентски прашања и координаторот на ЕКТС/администраторот на ЕКТС;
- Комисијата за проверка на студентското досие врши увид во досието и изготвува записник за неговата комплетност;
- Доколку студентското досие е комплетно, барањето се проследува до Советот на втор циклус на студии. Доколку студентското досие не е комплетно студентот се известува во рок од 5 дена од поднесувањето и по негово комплетирање се продолжува постапката. Во тој случај студентот доставува 3(три) примерока од магистерскиот труд, изјава со која потврдува дека магистерскиот труд е самостоен, автентичен и оригинален труд (види Анекс 6 од ова Упатство) и писмено известување од менторот дека магистерскиот труд е изработен;

- Советот на втор циклус студии, во рок од 30 (четириесет и пет) дена од денот на доставувањето на трудот, формира 3 члена Комисија за оценка на магистерскиот труд;
- Комисијата за оценка на магистерскиот труд, ако нема забелешки, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на поднесувањето на трудот треба да подготви извештај за оценка на магистерскиот труд. Ивештајот се смета за позитивен доколку најмалку два члена на комисијата дадат позитивна оценка. Во случај на непостоење на консензус по однос на предлогот од сите членови на Комисијата, членот на Комисијата што не е мнозинство во истиот извештај дава издвоено мислење за магистерскиот труд. Доколку, истата има забелешки, тогаш во писмена форма, најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена ги доставува до кандидатот заради постапување по нив. Во овој случај Комисијата за оценка на магистерскиот труд е должна да достави Извештај за оценка на трудот (види Анекс 7 од ова Упатство), најдоцна во рок од 180 (сто и осумдесет) дена од нејзиното формирање;
- Доколку Комисијата не достави извештај во предвидениот рок, Советот на втор циклус на студии најдоцна 15 дена по истекот на рокот формира нова Комисија за оценка на магистерскиот труд во променет состав
- Извештајот од Комисијата за оценка на магистерскиот труд се доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот за прифаќање односно неприфаќање на Извештајот за оценка на магистерскиот труд. По усвојувањето на Извештајот на истата седница Наставно-научниот совет формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд, во состав од три члена од соодветната област од којшто еден е претседател;
- Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана, што треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.
- Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната и е должен, во рок од 5 (пет) дена од приемот на известувањето, да достави 8 (осум) примероци од конечната верзија на трудот укоричен во тврд повез и лекториран од овластен лектор до архивата на Факултетот.

## V Одбрана на магистерскиот труд

- Студентот запишан на двегодишни студии брани магистерски труд најдоцна во рок од 5 (пет) години, сметајќи од денот на прифаќањето на извештајот за оценка на пријавата на темата од Наставнонаучниот/Наставничкиот/Научниот совет. Студентот запишан на едногодишни студии брани магистерски труд најдоцна во рок од 3 (три) години, сметајќи од денот на прифаќањето на извештајот за оценка на пријавата на темата од Наставнонаучниот/ совет.
- Во оправдани случаи, на предлог на Наставничкиот совет на втор циклус студии, Наставно-научниот совет од Факултетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд за времетраењето додека траеле причините за спреченост за работа врз трудот, но најмногу за време од една година. Како оправдани случаи се сметаат:
    - подолготрајна болест;
    - бременост и породување;

- отсуство од земјата, кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и сл.;и
- други оправдани причини;

- Одбраната на магистерскиот труд е јавна и се објавува на огласна табла на Факултетот, најмалку 7 (седум) дена пред денот на одбраната;
- Одбраната на трудот се реализира во просториите на Факултетот;
- Одбраната ја отвора претседателот на Комисијата со воведен збор, ги чита биографските податоци, научно-стручната активност на кандидатот, Извештајот од Комисијата за оценка на трудот и Извештајот за текот на спроведената постапка. Потоа претседателот на Комисијата го повикува кандидатот да го презентира трудот во траење од најмногу 20 минути, по што членовите на Комисијата ги изнесуваат своите мислења за значењето на трудот и му поставуваат прашања на кандидатот. Покрај членовите на Комисијата, прашања во врска со трудот можат да постават и други лица, присутни на одбраната, доставени во писмена форма до претседателот на Комисијата. Потоа се дава пауза од 20 минути, а за тоа време кандидатот се подготвува за одговор на поставените прашања;
- Јавната одбрана може да трае најмногу 90 минути;
- За текот на одбраната се води записник. Записникот го води еден од членовите на Комисијата за одбрана, а го потпишуваат членовите на Комисијата за одбрана;
- Оценувањето се врши со описни оценки: „го одбранил“ или „не го одбранил“ магистерскиот труд.

- Со успешната одбрана на магистерскиот/специјалистичкиот труд студентот се стекнува со право за добивање уверение и диплома за завршени студии на соодветната студиска програма од втор циклус на единицата на Универзитетот.

- Доколку одбраната на магистерскиот/специјалистичкиот труд е негативно оценета, повторно се закажува одбрана на истиот труд најдоцна во рок од 90 дена. Одбраната на трудот е пред истата комисија која го определува новиот термин за повторна одбрана на магистерскиот/специјалистичкиот труд.

- Доколку одбраната на магистерскиот/специјалистичкиот труд е двапати негативно оценета, студентот поднесува нова пријава за изработка на нов магистерски/специјалистички труд.

## VI. Технички правила за подготовка на магистерскиот труд

- Начин на цитирање според големината нацитатот:
  - ✓ ако цитатот содржи помалку од 40 зборови (не повеќе од три реда), се ставаат наводници на почетокот и на крајот од цитатот и тој се интегрира во текстот. Бројот на фуснотата се става понаводниците;
  - ✓ ако цитатот содржи повеќе од 40 зборови, цитатот не се интегрира во текстот, туку се издвојува во посебен пасус со потесни маргини од маргините на основниот текст и не се внесува во наводници. Бројот на фуснотата се става на крајот одцитатот;
- Начин на цитирање на одделни видови трудови, кога тие се наведуваат за првпат:
  - ✓ *учебник или монографија* - презиме, име на авторот, наслов на трудот, издавач, град, година на издавање и бројот настраницата,

  пример:
  - Јанеска, проф. д-р Маргарита, Менаџмент информациони системи, Економски факултет, Прилеп, 2004год,стр.____;
  - Хелд, Дејвид, Мекгру, Ентони, Управување со глобализацијата, Моќ, власт и глобално управување, Академски печат, Скопје, 2010 год, стр.;
  - ✓ *статија* – презиме, име на авторот, наслов на статијата, назив на зборникот (збирката на трудови, текстови) каде што е објавена статијата, број на томот на зборникот, издавач, град, година на издавање, број на страница,

  пример:
  - Ангелески, проф. д-р Марјан, Analzying the Indicators of the E-business StrategicReadinessoftheCompaniesintheRepublicofMacedonia,Зборник

рада XV Интернационални научни скуп SM 2010, Економски факултет, Суботица, 2010год,стр._____;

- Сотироски, проф. д-р Коста, Интернет-добра прилика и за најмалите банки, Економски магазин, Скопје, 1999год,стр._____;

✓ *меѓународни документи* (договори, конвенции, препораки) – оригиналниот назив, организацијата што го изготвила, година надонесување,

пример:

- UNIDROIT Convention on International Factoring, UNIDROIT,1988;
- Конвенција на Обединетите нации за договорите за меѓународната продажба на стоки (Виенска конвенција), UNCITRAL,1980;

✓ *законски и подзаконски текстови* – број на службен весник или службено гласило на државата што го донеслазаконот,

пример:

- Закон за издавање на хартии од вредност, Службен весник на Република Македонија, бр.5/99;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и роковите за поднесување на извештаи за работењето на Берза, Службен весник на Република Македонија,бр.108/08;

✓ *користени вебстраници,*

пример:

- http://www.apache.org
- http://www.ecb.int/home/html/index.en.html

- повторено цитирање –се наведува само презимето на авторот, насловот на трудот и страницата, а ако непосредно во претходната фуснота било цитирано истото дело се користи терминот ibid и бројот настраницата;
- внесување забелешки вотекстот:
  - ✓ за забелешки на крајот од страницата - во опцијата “Insert” избирате “reference”, потоа “footnote” по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот одстраницата;
  - ✓ за забелешки на крајот од текстот - во опцијата “Insert” избирате “reference”, потоа “endnote” по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот одтекстот;
- начин на цитирање на користената литература(библиографија):
  - ✓ се наведува на крајот од магистерскиот труд по азбучен ред, според презимето наавторот;
  - ✓ ја сочинуваат сите цитирани извори и за секоја цитирана единица се впишуваат целосните податоци (на ист начин како што таа се цитира кога се наведува запрвпат);
  - ✓ користените библиографски единици се наведуваат по следниов редослед: учебници и монографии, статии, меѓународни документи, законски и подзаконски акти и веб страници, при што библиографските единици мора да бидат комбинирани (книги или монографии, статии и користени веб страници).

## VII. Дисциплинска одговорност за плагијаторство

- Пренесувањето туѓ текст, туѓ магистерски труд, односно пренесувањето авторско дело во каква било форма во сопствено име- плагијаторство, како и други форми на неовластеното користење туѓо авторско дело претставуваат тешка дисциплинска повреда.

Во зависност од тежината на повредата, како и во зависност од постоењето на други олеснителни или отежнувачки околности, за утврдена дисциплинска повреда од претходниот став на кандидатот може да му биде изречена дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и забрана за изработка и одбрана на магистерскиот труд што е плагијат.

## VIII Преодни и завршни одредби

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за студентите кои се запишале на втор циклус студии од академската 2018/2019 година.

Декан

Проф.д-р Драгица Оџаклиеска

**Анекс 1 – Образец за пријавување на магистерскиот труд**

До
Советот на втор циклус на студии
Економски факултет – Прилеп

Предмет: Пријава за изработка на магистерски труд

Поднесена од ______________________________ - студент на студиската програма ______________________________ на втор циклус студии, со број на досие ____________ и е-маил адреса____________.

Почитувани,

Врз основа на член 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, поднесувам пријава за изработка на магистерски труд на тема:

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________.

Во прилог на пријавата доставувам:

1. Биографски податоци,
2. Наслов натемата,
3. Предлог за ментор,
4. Образложение за научната и стручната оправданост на темата,
5. План за работа,
6. Методологија на истражувањето и
7. Преглед на литература од соодветната област.

При подготвувањето на Пријавата за изработка на магистерскиот труд се консултирав со проф.д-р/доц.д-р________________________ и истиот го предлагам за ментор.

Прилеп,
хх.хх.20хх год.

Подносител,
_________________

студент на втор циклусстудии
на студиската програма
_________________
Со досие бр.__________

**Анекс 2 – Извештај за оценка на пријава за изработка на магистерски труд**

До
Советот на втор циклус на студии
Економски факултет – Прилеп

**Предмет: Извештај за оценка на пријава за изработка на магистерски труд под наслов хх од кандидатот ХХ**

Советот на втор циклус на студии на Економскиот факултет – Прилеп на својата седница одржана на хх.хх.20хх год., со одлукабр.___________од хх.хх.20хх, формира Комисија за оценка на пријавата за изработка на магистерскиот труд од кандидатот хх, студент на студиската програма хх, со досие број хх, и пријавената тема за изработка на магистерскиот труд, под наслов: хх **,** во состав :

1. ________________________
2. ________________________
3. ________________________

Разгледувајќи ја приложената документација од кандидатот, Комисијата констатира дека, согласно член 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот **„**Св. Климент Охридски**“** - Битола, кандидатот, со пријавата за изработка на магистерскиот труд, поднесе и:

1. Биографски податоци,
2. Наслов натемата,
3. Предлог за ментор,
4. Образложение за научната и стручната оправданост на темата,
5. План за работа,
6. Методологија на истражувањето и
7. Преглед на литература од соодветнатаобласт.

По деталното прегледување на пријавата и прилозите, а во согласност со законската легислатива, како и општите акти на Универзитетот и Факултетот што ја регулираат оваа материја, Комисијата до Советот на втор циклус студии го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т АЈ**

1. Биографски податоци;
2. Подобност на темата и тезите (се наведува предложената концепциска рамка, односно предложената тема и тези и се врши прифаќање или корекција на истите, при што, доколку се врши корекција, се наведуваат и корегираните теми и тези. Во овој дел Комисијата елаборира, накратко, што ќе се обработува во секој поединечен дел и ги истакнува основните цели на магистерскиоттруд);
3. Заклучок и предлог (се истакнува значењето и научниот придонес на магистерскиоттруд);

Согласно претходно изнесеното мислење и констатација, Комисијата му предлага на Советот на втор циклус на студии на Економскиот факултет – Прилеп, да ја донесе следнава

## О Д Л У К А

- позитивно се оценува пријавата за изработка на магистерскиот труд под наслов XX, од кандидатот XX
- да се достави предлог до Наставно - научниот совет на Економски факултет–Прилеп за прифаќање на темата за изработка на магистерски труд, под наслов XX

Прилеп,

xx.xx.20xx год.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ПРИЈАВА:**

1. ___________________
2. ___________________
3. ___________________

**Анекс 3 – Насловна страница на магистерскиот труд**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Климент Охридски “Битола**
**Економски факултет -Прилеп**

# НАСЛОВ НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

**Кандидат:**

**Име, презиме и**
**број на досие**

**Ментор:**

**Име и презиме**

**Прилеп**
**месец, година**

**Анекс 4 – Барање за определување Комисија за оценка на магистерскиот труд**

До
Советот на втор циклус на студии
Економски факултет –Прилеп

**Предмет: Барање за формирање Комисија за оценка на магистерски труд**

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на својата седница одржана на ден од хх.хх.20хх год., донесе одлука бр.________________ со којашто позитивно е оценета Пријавата за изработка на магистерски труд и е прифатен насловот на темата: “_”, како и тезите за изработка на магистерскиот труд. Пријавата за изработка на магистерски труд е позитивно оценета од Комисијата во состав:

1. _________________________
2. _________________________
3. ________________________

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на истата седница донесе одлука со со којашто за ментор за изработка на магистерскиот труд, под наслов “____________________________________”, ми е определен д-р _________________________, доцент/професор на Економскиот факултет –Прилеп.

Бидејќи истражувањето го заврших, односно трудот го изработив го поднесувам ова барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд согласно член 64 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот “ Св. Климент Охридски“ – Битола, заради донесување одлука за определување Комисија за оценка на магистерскиот труд.

Прилог: - 3 примерока од трудот
**- Изјава од Менторот за изработен магистерски труд**

Прилеп,
хх.хх.20хх год.

Подносител,
_________________________

студент на втор циклус студии
на студискатапрограма
______________________
содосиебр.___________

**Анекс 5 –Изјава од Менторот за изработен магистерски труд**

Согласно член 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола ја доставувам следнава изјава:

**И З Ј А В А**

Кандидатот xxx со досие бр. xxx го изработи магистерскиот труд под наслов “XXXXXXX”. Кандидатот може да поднесе барање за формирање на Комисија за оценка на магистерскиот труд.

Прилеп Ментор
датум
xx.xx.xxxx

**Анекс 6–Изјава од кандидатот за автентичност на магистерскиот труд**

До
Референтот во службата за
студентски прашања за втор
циклус студии

**Предмет: Изјава**

Согласно одлуката на Наставничкиот совет на втор циклус студии на Економскиот факултет- Прилеп бр.07-484/1 од 24.02.2011 год. ја доставувам следнава

# И З Ј А В А

Под целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека текстот во мојот магистерски труд,на тема_____________________________________________, е мој автентичен и самостоен труд и е резултат на моите сознанија направени во текот на истражувањето, како и на теоретските сознанија и практичните искуства од соодветната област и истиот, освен во деловите што се означени со фусноти, претставува исклучиво мојтруд.

За секое неовластено користење на туѓ текст или труд или плагијаторство, согласен/на сум да ги сносам соодветните дисциплински, граѓански и кривични последици.

Прилеп,
xx.xx.20xx год.

Изјавил,
_________________________

студент на втор циклус настудии
на студискатапрограма
______________________
Со досие бр.__________

**Анекс 7 –Извештај од Комисијата за оценка на магистерскиот труд**

До
Наставно-научниот совет на
Економскиот факултет – Прилеп

Советот на втор циклус на студии на Економскиот факултет - Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, на седницата одржана на ден___________година, со одлука бр.______________,формира Комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот____________________________, под наслов_____________________________________, во состав:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

Комисијата, во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот магистерски труд и согласно член 64 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп му го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Кратка биографија закандидатот**
- датум и место на раѓање,
- податоци за процесот на образованието и постигнатиот просеченуспех,
- податоци за практично или работно искуство,
- познавање странскијазик(ци),
- податоци за објавенитрудови.

**2. Образложение на магистерскиот труд**
Магистерскиот труд, под наслов„__________________________________________"
од кандидатот ____________________________,содржи ________ страници компјутерски изработен текст,систематизиранво__________________оддели/глави/, со вкупно цитиранибиблиографскиединици.
(краток приказ на одделните делови од магистерскиот труд – не подолго од три страници)

**3. Заклучок и оценка на трудот**
- оценка на магистерскиот труд што треба да биде резултат на самостојна работа на кандидатот со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој;
- оценка на придонесот на магистерскиоттруд.

Имајќи го предвид изнесеното, со задоволство на Наставно – научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој Извештај и да формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд, под наслов „______________________________“ од кандидатот ______________________, студент на втор циклус студии на студиската програма____________________, со досие бр..

Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана што треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.

Прилеп,

хх.хх.20хх год.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА:**

1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________